# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИ ФОРУМСКИ СЕСИИ (2)

во Североисточен плански регион

| | |
|---|---|
| **Координатор:** | Владимир Павловски |
| **Модератор/ко-модератор:** | Гонце Јаковлеска/Јелена Мишиќ |
| **Период на известување:** | Прва и втора форумска сесија во период:<br>17.11 – 20.12 2022 година |
| **Датум на извештај:** | 30 декември 2022 година |

*Забелешка:*

*Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период.*

## 1. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### *1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)*

*Опишете ги подготвителните активности за организирање на форумските сесии и форумскиот процес (избор на модератор, ко-модератор, членови на ОГ, распределба на улоги и задачи за спроведување на форумскиот процес).*

Согласно законските обврски за организирање процес на форумски консултации со заинтересираните чинители во регионот за пристап до фондовите од Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР, Центарот за развој на североисточниот плански регион ги започна подготвителните активности за успешно спроведување на Регионалниот форум во заедницата.

Во координација со Проектната канцеларија беше дефинирана временската рамка за спроведување на форумскиот процес и тоа од **17.11.2022 до 20.12.2022** година кога требаше да се одржат двете форумски сесии. Модераторот беше избран од листата на сертифицирани модератори на ЗЕЛС, а ко-модераторот и членовите на Оперативната група од вработените во ЦРСПР. Членовите на Оперативната група беа избрани во согласност со потребната структура на ова тело.

*Опишете ги користените техники на информирање и мобилизација на граѓаните за форумските сесии и за средбите на работните/оперативната групи/-а (покани, телефон, постери, билтени, веб страна, социјални мрежи, медиуми и сл.).*

За мобилизирање на граѓаните за учество на Регионалниот форум во заедницата, оперативната група, заедно со координаторот и модераторот, користеше повеќе техники, со кои беа опфатени најразлични целни групи. Беше воспоставена комуникација со претставници на општините, бизнис заедницата и граѓанските организации, како и други интересни групи. Истовремено, граѓаните се мобилизираа со официјални покани, лични и телефонски контакти, веб и Facebook страницата на ЦРСПР, како и преку соопштенија и информации во медиумите

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесиии (како течеше мобилизацијата на граѓани, дали и какви состаноци се одржани во ЕЛС и други релевантни чинители).*

За мобилизација на граѓаните од регионот беа направени повеќе комуникации, официјални и неофицијални, како и формални средби со претставници на општините, јавните институции, општинската администрација, бизнис секторот и граѓанските здруженија, при што беше укажано на важноста од нивното учество во форумскиот процес. Во мобилизацијата учествуваа и раководителот на ЦРСПР и координаторот на проектот.

Мобилизацијата помеѓу и после сесиите се одвиваше по воспоставениот модел на информирање со покани, лични и телефонски известувања, соопштенија на веб и на Facebook страницата на ЦРСПР, како и преку e-mail комуникација.

Во подготовката, пред, и по одржаните форумски сесии, Оперативната група континуирано имаше средби за подготвување и за спроведување на форумскиот процес. На средбите членовите на ОГ ги вршеа подготовките за мобилизација на граѓаните за учество на форумските сесии, како и сите останати организациски и технички подготовки. ОГ работеше координирано, според утврден распоред и меѓусебна поделба на задачите пред, за време, и по одржувањето на форумските сесии. Ги подготвуваа поканите, материјалите за форумските сесии, распоредот на работните маси и другите потребни ресурси. Општ заклучок е дека немаше никакви пропусти околу ангажманот и извршувањето на задачите од страна на ОГ.

Во **Оперативната група** беа вклучени **четири лица** (**три мажи и една жена).** Покрај комодераторот, имаше посебно назначено лице за односи со јавноста, како и записничар.

Во подготовката и за време на форумскиот процес се одвиваше континуирана и секојдневна комуникација со координаторот, модераторот, раководителот на ЦРСПР и Работните групи. Целта на секојдневните контакти беше подготовка на потребните информации и материјали за форумските сесии и нивна навремена изработка.

***Преглед на профилот на членови на ОГ***

| **Вкупен број на членови на оперативната група** | **Мажи/жени/ млади** | **Етничка застапеност** |
|---|---|---|
| 4 | 3 мажи (75%)<br>1 жена (25%) | 3 Македонци (75%)<br>1 Албанец (25%) |

## 1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ и АКТИВНОСТИ МЕЃУ СЕСИИ

Дадете кратки информации за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување во текот на форумските сесии и помеѓу форумски сесии *(се пишува првично за трите форумски сесии и се надополнува со информација и после реализација на четврта форумска сесија)*

### *1.2.1. Форумски сесии*

Дадете информација за број/дата на одржани сесии и број на присутни учесници и нивна структура (етничка и родова застапеност) како и припадност на некоја од ранливите категории[1] според општиот список на учесници.

На **првата форумска сесија** присуствуваа вкупно **42 граѓани од кои 16 жени и 26 мажи.** Од нив **31 се Македонци, 8 Албанци, 3 Срби**. Од вкупниот број учесници **24% се млади**. Граѓаните беа информирани дека ќе идентификуваат и приоретизираат проблеми за Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР. Сите идентификувани проблеми треба да бидат поврзани со Стратешките цели и приоритети од Програмата за развој на СИПР (2021-2026) година. Овие приоритети беа презентирани пред граѓаните, а тие, за потребите на Грантовата шема МЛС/СДЦ **одбраа две** и тоа: „**Подобрување на условите за живот преку унапредување на инфраструктурата, просторното планирање и животната средина**" (45 гласа) и „**Интеграција на развојот на земјоделството, руралниот развој и туризмот во регионот**" (34 гласа). Се утврди и структурата на форумот со **шест работни маси**, **правилата за работа** и **критериумите за избор на проекти**, а потоа учесниците работеа на **дефинирање на проблемите**.
На оваа сесија, граѓаните идентификуваа и дефинираа вкупно **14 приоритетни проблеми** и **за Програмата за рамномерен регионален развој** на МЛС/БРР.
Имаше вкупно **седум презентации** за идентификуваните проблеми од кои три од жени, а четири од мажи, сите Македонци.

На **втората форумска сесија** присуствуваа вкупно **47 граѓани од кои 14 жена и 33 маж.** Од нив **36 се Македонци, 7 Албанци, 4 Срби**. Од вкупниот број учесници **28% се млади**. На оваа сесија граѓаните беа потсетени на критериумите за избор на проекти и им беше презентиран начинот на гласање/приоретизирање. Надворешниот експерт, Димитар Ташевски, ги презентираше предлог концептите подготвени помеѓу двете сесии. Беа презентирани вкупно шест концепти за Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР и тоа:

1. Реконструкција на линиски инфраструктурен објект во Општина Кратово и набавка на урбана опрема -локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри со набавка на нова урбана опрема за деца и млади (вклучително и деца со посебни потреби)

2. Реконструкција на пристапен локален пат за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Крива Паланка -локален пат с. Мождивњак (место викано Дубје) во должина од 3 км.

3. Набавка на полуподземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменски транспортни машини за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово

4. Реконструкција на локален пат за развој на рурален и алтернативен туризам во општина Липково -локален пат од село Никуштак до село Виштица

5. Реконструкција на пристапен локален пат за развој на рурален и алтерантивен туризам во Општина Ранковце -локален пат во село Опила до црква Св. Никола во должина од 1км. (дел од постоечки земјен пат во должина од 2,5 км).

6. Опција 1: Реконструкција на пристапни локални патишта за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Старо Нагоричане -локални патишта од с. Младо Нагоричане кое води до локалитет Костоперска карпа и локалитет Кокино

Опција 2: Реконструкција на руинирани објекти во општина Старо Нагоричане наменети за развој на туризмот

Граѓаните, во дискусиите на работните маси ги приоретизираа концептите. Рангот и приоретизацијата по работни маси можат да се видат во табелата подолу:

---

[1] Овој податок се вади од прашалникот за евалуација

| Концепт | Носител | Буџет | РМ Образование | РМ Животна средина | РМ Туризам | РМ Земјоделство и рурален развој | РМ Инфраструктура и индустрија 1 | РМ Инфраструктура и индустрија 2 | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реконструкција на линиски инфраструктурен објект во Општина Кратово и набавка на урбана опрема -локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри со набавка на нова урбана опрема за деца и млади (вклучително и деца со посебни потреби) | ЦРСПР | 7.591.639 | 3 | 1 | 5 | 2 | 5 | 3 | 19 |
| Реконструкција на пристапен локален пат за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Крива Паланка -локален пат с.Мождивњак (место викано Дубје) во должина од 3 км. | ЦРСПР | 10.006.574 | 6 | 5 | 2 | 6 | 2 | 4 | 25 |
| Набавка на полуподземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменски транспортни маши-ни за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово | ЦРСПР | 28.401.563 | 5 | 6 | 3 | 1 | 1 | 2 | 18 |
| Реконструкција на локален пат за развој на рурален и алтернативен туризам во општина Липково-локален пат од село Никуштак до село Виштица | ЦРСПР | 10.983.797 | 1 | 3 | 1 | 5 | 6 | 1 | 17 |
| Реконструкција на пристапен локален пат за развој на рурален и алтерантивен туризам во Општина Ранковце-локален пат во село Опила до црква Св. Никола во должина од 1км. (дел од постоечки | ЦРСПР | 6.656.598 | 4 | 2 | 6 | 3 | 4 | 5 | 24 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| земјен пат во должина од 2,5 км) | | | | | | | | | |
| Опција 1: Реконструкција на пристапни локални патишта за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Старо Нагоричане - локални патишта од с. Младо Нагоричане кое води до локалитет Костоперска карпа и локалитет Кокино Опција 2: Реконструкција на руинирани објекти во општина Старо Нагоричане наменети за развој на туризмот | ЦРСПР | 6.663.629 | 2 | 4 | 4 | 4 | 3 | 6 | 23 |

Имаше вкупно **6 презентации** за резултатите од приоретизирањето по работни маси од кои 2 од жени, а 4 од мажи, сите Македонци.

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност и етничка припадност според општиот список*

| ***Сесија*** | | | ***1*** | ***2*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Дата на одржување*** | | | ***17 ноември*** | ***20 декември*** |
| ***Вкупен број на учесници - вкупно (# млади под 34 години)*** | | | ***42(10)*** | ***47(13)*** |
| ***Број на учесници од општ список*** | ***Пол*** | ***М*** | *26* | *33* |
| | | ***Ж*** | *16* | *14* |
| | ***Етничка припадност*** | ***Мак*** | *31* | *36* |
| | | ***Алб*** | *8* | *7* |
| | | ***Тур*** | *0* | *0* |
| | | ***Срп*** | *3* | *4* |
| | | ***Вла*** | *0* | *0* |
| | | ***Ром*** | *0* | *0* |
| | | ***Др*** | *0* | *0* |
| | ***Припадници на ранливи категории*** | *Наведете кои: ______* | *2* | *1* |

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност според списоците по работни маси*

| ***Работна маса*** | ***Сесија 1*** | | ***Сесија 2*** | |
|---|---|---|---|---|
| | ***м*** | ***Ж*** | ***М*** | ***ж*** |
| ***Образование*** | ***5*** | ***2*** | ***4*** | ***2*** |
| ***Животна средина*** | ***4*** | ***3*** | ***6*** | ***3*** |
| ***Туризам*** | ***7*** | ***2*** | ***6*** | ***0*** |
| ***Земјоделство и рурален развој*** | ***5*** | ***1*** | ***4*** | ***1*** |
| ***Инфраструктура и индустрија 1*** | ***5*** | ***3*** | ***3*** | ***3*** |
| ***Инфраструктура и индустрија 2*** | ***2*** | ***6*** | ***2*** | ***5*** |
| **ВКУПНО** | **28** | **17** | **25** | **14** |

*Опишете го текот на форумските сесии и нејзините постигнувања врз основа на дневниот ред по сесија:*

| **сесија** | **главни точки на дневниот ред** | **главни цели на сесијата** | **опис на главните презентации** *(тема на презентација и презентер)* |
|---|---|---|---|
| ***1*** | 1. Презентација на Стратешките приоритети на Североисточниот плански регион и избор на две од нив за средствата од Грантовата шема на МЛС/СДЦ)<br>2. Структурирање на форумот<br>3. Утврдување на правила за работа<br>4. Презентација на форумскиот процес<br>5. Идентификација и дефинирање на проблемите поврзани со избраните приоритетни области од Програмата за развој на СИПР (2021-2026) - Грантова шема МЛС/СДЦ. Дискусија по работни маси и презентација на проблемите;<br>6. Идентификација и дефинирање на проблемите поврзани со Програмата за развој на СИПР (2021-2026) - Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР). Дискусија по | Да се воспостави структура на форумот<br><br>Да се изберат две приоритетни области/стратешки цели од Програмата за развој на СИПР (2021-2026) година<br><br>Да се идентификуваат приоритетни проблеми за Грантовата шема од МЛС/СДЦ и за Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР | 1. Гонце Јаковлеска, модератор, ги презентираше Стратешките цели и приоритети од Програмата за развој на СИПР (2021-2026) година поделени во 4 области и 11 подобласти.<br>2. Модераторката го објасни процесот на структурирање на форумот.<br>3. Гонце Јаковлеска, модератор ги претстави правилата за работа и значењето на форумски процес како партиципативно граѓанско учество со широко регионално влијание во донесувањето одлуки, а воедно објасни и како функционира форумската структура.<br>4. Модераторката го претстави форумскиот процес и се осврна на критериумите од повикот.<br>5. По дискусиите на работните маси, претставник од секоја маса ги презентираше идентификуваните проблеми:<br>Драган Величковски од работната маса (РМ) „Образование“;<br>Иван Пешевски од РМ „Инфраструктура и индустрија бр.1“ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | работни маси и презентација на проблемите. | | Лидија Митовска и Славица Стефановска од РМ „Инфраструктура и индустрија бр.2“<br>Даниел Николовски од РМ „Туризам“<br>Јорданчо Миневски од РМ „Земјоделство и рурален развој“<br>Донка Петровска од РМ „Животна средина“ |
| **2** | 1. Потсетување на правилата за избор на проекти<br>2. Презентација на начинот на гласање<br>3. Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот консултант – поврзани со Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР)<br>4. Приоретизирање на проекти (рангирање по работни маси) и соопштување на резултатите | Да се презентираат концептите за Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР<br><br>Да се приоретизираат концепти за Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР | 1. Гонце Јаковлеска, модератор, ги презентираше правилата за избор на проекти<br>2. Модераторката го презентираше начинот на гласање/приоретизирање на концептите<br>3. Димитар Ташевски, надворешен експерт, ги презентираше концептите за Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР):<br>- Реконструкција на линиски инфраструктурен објект во Општина Кратово и набавка на урбана опрема -локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри со набавка на нова урбана опрема за деца и млади (вклучително и деца со посебни потреби)<br>- Реконструкција на пристапен локален пат за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Крива Паланка -локален пат с. Мождивњак (место викано Дубје) во должина од 3 км.<br>- Набавка на полуподземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменски транспортни машини за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово<br>- Реконструкција на локален пат за развој на рурален и алтернативен туризам во општина Липков -локален пат од село Никуштак до село Виштица<br>- Реконструкција на пристапен локален пат за развој на рурален и алтерантивен туризам во Општина Ранковце -локален пат во село Опила до црква Св. Никола во должина од 1км. (дел од постоечки земјен пат во должина од 2,5 км).<br>- Опција 1: Реконструкција на пристапни локални патишта за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Старо Нагоричане -локални патишта од с. Младо Нагоричане кое води до локалитет Костоперска карпа и локалитет Кокино |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Опција 2: Реконструкција на руинирани објекти во општина Старо Нагоричане наменети за развој на туризмот<br>4. По дискусијата на работните маси (РМ), учесниците ги приоретизираа предложените концепти. Претставник од секоја РМ ги презентираше резултатите:<br>Драган Величковски од (РМ) „Образование“;<br>Донка Петровска од РМ „Животна средина“<br>Лидија Митовска од РМ „Инфраструктура и индустрија бр.2“<br>Иван Пешевски од РМ „Инфраструктура и индустрија бр.1“<br>Даниел Николовски од РМ „Туризам“<br>Јорданчо Миневски од РМ „Земјоделство и рурален развој“ |
| | | | |

*Опишете го текот на дискусии за време на форумските сесии:*

| **опис на главните дискусии** | **број на дискусии и дискутанти** *(жени/мажи, етничка припадност, сектор од кои доаѓаат)* | **опис и содржина на дискусијата** *(конкретното прашање или коментар по одреден проблем, конкретната идеја или предлог)* |
|---|---|---|
| ***сесија 1*** | **7 дискусии**<br>3 жени и 4 мажи<br>7 Македонци<br>Според сектори: 3 од општинска администрација; 1 од јавна администрација; 1 од граѓанска организација и 2 од друго | **Даниел Николовски** се осврна на недостатокот на инфраструктура на излетничките места која ќе ги направи попривечни за посетителите.<br>**Лидија Митовска** зборуваше за регионалните туристички атракции и потребата за квалитетна, пристапна, спортско рекреативна и социо-економска инфраструктура.<br>**Славица Стефановска** ја нагласи потребата за квалитетна комунална услуга но не само потребата од опрема туку и други соодветни капацитети со што би се намалиле ризиците и би се заштитила животната средина.<br>**Јорданчо Миневски** се осврна на неколку работи како што е потребата од интегрирана и диверзифицирана туристичка понуда, санација и одржување на туристичките локалитети и нивна промоција. Потоа зборуваше за потребата од системи за наводнување на земјоделското земјиште и потребата од пласман на земјоделски производи(задруги).<br>**Драган Величковски** го отвори прашањето за потребите на децата и младите на кои би можело да им се излезе во пресрет со национално финансирани програми за летни школи за пливање и зимски школи за скијање, со поддршка на спортски таленти од училиштата со опрема и обуки итн. Тој исто така зборуваше и за образовни установи за децата со попреченост и можностите за изградба на детски рекреативни игралишта во училиштата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Донка Петровска** го нагласи проблемот со ниската свест кај граѓаните за заштита на животната средина но, и несоодветните услови за справување со отпад и комуналии.<br>**Иван Пешевски** се осврна на два проблеми, едниот поврзан со патната и комунална инфраструктура и вториот со урбанистичка и проектна документација. |
| ***сесија 2*** | 6 дискусии<br>2 жени и 4 мажи<br>6 Македонци<br>Според сектори: 2 од општинска администрација; 1 од јавна администрација; 1 од граѓанска организација и 2 од друго | Во дискусиите на Лидија Митовска (РМ Инфраструктура и индустрија 2; Донка Петровска (РМ Животна средина); Иван Пешевски (РМ Инфраструктура и индустрија 1); Даниел Николовски (РМ Туризам); Драган Величковски (РМ Образование) и Јорданчо Миневски (РМ Земјоделство и рурален развој),<br>беа пренесени дискусиите на нивните работни маси и одлуките за рангирање на концептите поврзани со Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР |

*Табела согласно активности по сесија (се преземаат од записник)*

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| Р. бр. | Област | Предложено од | Рангиран/избран | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Подобрување на условите за живот преку унапредување на инфраструктурата, просторното планирање и животната средина** | **СИПР** | **Прворангирана** | **45** |
| **2** | **Интеграција на развојот на земјоделството, руралниот развој и туризмот во регионот** | **СИПР** | **Второрангирана** | **34** |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање-предлог идеа | Препорачано од /до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Недостаток на пропратна инфраструктура на излетнички места | | РМ „Туризам“ | Даниел Николовски |
| Непостоње на квалитетна пристапна, спорстско рекретаивна и социо-економска инфраструктура за развој на постојни регионални туристички атракции и локалитети | | РМ „Инфраструктура и индустрија-2“ | Лидија Митовска |
| Непостоње на соодветни капацитети за квалитетна комунална услуга, намалени ризици и заштита на животна средина | | РМ „Инфраструктура и индустрија-2“ | Славица Стефановска |
| Недостаток на наводнување и недостаток на интегрирана и диверзифицирана туристичка понуда, нивна промоција и пристап до туристичките локалитети, нивна санација и одржување. | | РМ „Земјоделство и рурален развој | Јорданчо Миневски |
| Недостаток на пласман на земјоделски производи (задруги) | | РМ „Земјоделство и рурален развој | Јорданчо Миневски |
| Недостаток на системи за наводнување (брани) | | РМ „Земјоделство и рурален развој | Јорданчо Миневски |
| Национално финансирани програми за летни школи за пливање и зимски школи за скијање | | РМ „Образование“ | Драган Величковски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поддршка на спосртски таленти од училиштата во дел на опрема и обуки | | РМ „Образование“ | Драган Величковски |
| Пристап до образовни установи за децата со попреченост | | РМ „Образование“ | Драган Величковски |
| Изградба на детски рекреативни игралишта во рамки на училиштата | | РМ „Образование“ | Драган Величковски |
| Ниска свест кај граѓаните за заштита на животната средина | | РМ „Животна средина“ | Донка Петровска |
| Несоодветни услови за справување со отпад и комуналии | | РМ „Животна средина“ | Донка Петровска |
| Недоволна развиена патна и комунална инфраструктура | | РМ „Инфраструктура и индустрија-1“ | Иван Пешевски |
| Недостаток на урбанистичка и проектна документација | | РМ „Инфраструктура и индустрија-1“ | Иван Пешевски |

**Табела 2.2.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака -предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| Реконструкција на линиски инфраструктурен објект во Општина Кратово и набавка на урбана опрема -локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри со набавка на нова урбана опрема за деца и млади (вклучително и деца со посебни потреби) | | |
| Реконструкција на пристапен локален пат за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Крива Паланка -локален пат с. Мождивњак (место викано Дубје) во должина од 3 км. | | |
| Набавка на полуподземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменски транспортни маши-ни за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово | | |
| Реконструкција на локален пат за развој на рурален и алтернативен туризам во општина Липково-локален пат од село Никуштак до село Виштица | | |
| Реконструкција на пристапен локален пат за развој на рурален и алтерантивен туризам во Општина Ранковце-локален пат во село Опила до црква Св. Никола во должина од 1км. (дел од постоечки земјен пат во должина од 2,5 км) | | |
| Опција 1: Реконструкција на пристапни локални патишта за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Старо Нагоричане -локални патишта од с. Младо Нагоричане кое | | |

| | | |
|---|---|---|
| води до локалитет Костоперска карпа и локалитет Кокино<br>Опција 2: Реконструкција на руинирани објекти во општина Старо Нагоричане наменети за развој на туризмот | | |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија (сесија 2)

| **Р. бр.** | **Наслов на концептот** | **Носител/Партнер** | **Буџет (МКД)** | **Број на поени** | **Ранг број** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Реконструкција на линиски инфраструктурен објект во Општина Кратово и набавка на урбана опрема -локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри со набавка на нова урбана опрема за деца и млади (вклучително и деца со посебни потреби) | Центар за развој на СИПР/Општина Кратово | **7.591.639** | **19** | 4 | |
| **2** | Реконструкција на пристапен локален пат за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Крива Паланка-локален пат с. Мождивњак (место викано Дубје) во должина од 3 км. | Центар за развој на СИПР/Општина Крива Паланка | **10.006.574** | **25** | 1 | |
| **3** | Набавка на полуподземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменски транспортни маши-ни за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово | Центар за развој на СИПР/Општина Куманово | **28.401.563** | **18** | 5 | |
| **4** | Реконструкција на локален пат за развој на рурален и алтернативен туризам во општина Липково-локален пат од село Никуштак до село Виштица | Центар за развој на СИПР/Општ. Кратово | **10.983.797** | **17** | 6 | |
| **5** | Реконструкција на пристапен локален пат за развој на рурален и алтерантивен туризам во Општина Ранковце-локален пат во село Опила до црква Св. Никола во должина од 1км. (дел од постоечки земјен пат во должина од 2,5 км). | Центар за развој на СИПР/Општина Ранковце | **6.656.598** | **24** | 2 | |
| **6** | Опција 1: Реконструкција на пристапни локални патишта за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Старо Нагоричане - | Центар за развој на СИПР/ Општина | **6.663.629** | **23** | 3 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | локални патишта од с. Младо Нагоричане кое води до локалитет Костоперска карпа и локалитет Кокино<br>Опција 2: Реконструкција на руинирани објекти во општина Старо Нагоричане наменети за развој на туризмот | Старо Нагоричане | | | | |

### *1.2.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите*

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесии.*

| |
|---|
| Времето помеѓу првата и втората форумска сесија беше планирано за проверка на идентификуваните проблеми и подготовка на предлог концепти од страна на надворешен експерт. Проверката на проблемите се правеше во поглед на критериумите за програмата и можноста, доколку тие бидат развиени како концепти да се реализираат во поглед на достапните финансии и времето кое е на располагање за спроведување. За тоа беа направени консултации со тимот на СИПР но и со претставници на сите општини во регионот. Улогата на општините е клучна во поглед на изведливоста на концептите, а подоцна и проекти. Затоа. Во периодот меѓу двете сесии тие беа консултирани, а подготовката на концепти во голема мерка се базирање на информациите и документацијата кои тие ги поседуваат. Овие конслутации резултираа со шест предлог концепти за Програмата за развој на СИПР (2021-2026) - Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР). |

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ, РЕШЕНИЈА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Со каков вид проблеми и предизвици се соочуваат во спроведувањето?

Што преземавте за надминување на тешкотиите, кој беше вклучен во решавањето на проблемот, и сл.

Наведете неколку научени лекции како резултат на реализираните активности.

| **Проблеми/ предизвици** | **Преземени активности за нивно надминување** | **Научени лекции** |
|---|---|---|
| Немаше посебни проблеми во текот на спроведувањето | Сите активности кои ги презема тимот овозможија непречено одвивање на активностите | Навременото преземање на активностите овозможи навремено заокружување на целиот консултативен процес |

## 3. РЕЗИМЕ

Накратко наведете ги резултатите од форумот, приоритетни проекти, препораките и следните планирани активности поврзани со форумот:

| |
|---|
| Во текот на форумскиот процес беше воспоставена структурата на форумот, кој функционираше со шест работни маси. Учесниците идентификуваа две приоритетни области од Стратешките цели и приоритети од Програмата за развој на СИПР (2021-2026) година и тоа: „**Подобрување на условите за живот преку унапредување на инфраструктурата, просторното планирање и животната средина**“ и „**Интеграција на развојот на земјоделството, руралниот развој и туризмот во регионот**“. Водејќи се од овие приоритетни области, тие идентификуваа вкупно 14 приоритетни проблеми за Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР). Помеѓу двете форумски сесии се одвиваа |

консултации со СИПР и општините од регионот на основа на кои, ангажираниот надворешен експерт подготви вкупно шест концепти за оваа Програма.
Предлог концептите беа презентирани на втората форумска сесија, учесниците дискутираа за нив и ги приоретизираа на работните маси на следниот начин:
1. Реконструкција на пристапен локален пат за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Крива Паланка -локален пат с.Можднвњак (место викано Дубје) во должина од 3 км.
2. Реконструкција на пристапен локален пат за развој на рурален и алтерантивен туризам во Општина Ранковце-локален пат во село Опила до црква Св. Никола во должина од 1км. (дел од постоечки земјен пат во должина од 2,5 км)
3. Опција 1: Реконструкција на пристапни локални патишта за подобрување на услови за живот и развој на регионот во Општина Старо Нагоричане -локални патишта од с. Младо Нагоричане кое води до локалитет Костоперска карпа и локалитет Кокино
Опција 2: Реконструкција на руинирани објекти во општина Старо Нагоричане наменети за развој на туризмот
4. Реконструкција на линиски инфраструктурен објект во Општина Кратово и набавка на урбана опрема -локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри со набавка на нова урбана опрема за деца и млади (вклучително и деца со посебни потреби)
5. Набавка на полуподземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменски транспортни маши-ни за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово
6. Реконструкција на локален пат за развој на рурален и алтернативен туризам во општина Липково-локален пат од село Никуштак до село Виштица

По завршување на втората форумска сесија надворешниот експерт ќе ги финализира концептите и за секој од нив во соработка со координаторот од СИПР и општините ќе подготви апликација за предлог проект. Апликациите за предлог проекти за Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС/БРР ќе бидат доставени до Советот за развој на планскиот регион.

Место, ден, месец, година

Скопје, 30 декември 2022 година

Одговорно лице

Гонце Јаковлеска
Модератор

**Прилози:**

*Списоци на учество*

*Записници од форумски сесии*

*Листа на приоритетни проекти и препораки*

*Фотографии*

*Евиденција на медиумски активности (линкови, објави и сл.)*